Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 29.7.2020
Организ. | Број | Прилог | Вредност
02-1254/44

Бр. 08-87/6
22.07.2021 год.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 16 седница одржана на 28.04.2021година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Наставна географија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Природно – математички факултет, Институт за Географија при Универзитет на „ Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „ Наставна географија ", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Природно – математички факултет, Институт за Географија при Универзитет на „ Св. Кирил и Методиј" - Скопје согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран географ областа на Наставна географија /во меѓународен промет академски назив: Bachelor of Science in Geography.

4. Научно подрачје: Природно- математички науки;
Научно – истражувачко поле: 105-.
Научно – истражувачка област: сите области од полето105.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 350 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.